Архивски број:02-844

Датум: 21.07.2021

# Финансиски извештаи за работењето на

# Триглав Отворен Доброволен Пензиски Фонд

За периодот

01.01.2021 – 30.06.2021

Јули 2021

# Содржина

Извештај за нето средствата ..... 3
Извештај за работењето ..... 4
Извештај за промените на нето средствата ..... 5
Финансиски показатели според сметководствените единици ..... 6
Извештај за бројот на сметководствени единици ..... 7
1. Општи информации ..... 8
2. Сметководствени политики ..... 9
ПРИЛОЗИ ..... 27
Извештај за структурата на инвестициите ..... 28
Структура на инвестициите по видови на финансиски средства ..... 32
Извештај за реализираните добивки и загуби ..... 33
Извештај за нереализираните добивки и загуби ..... 35
1 Обелоденување поврзано со ризикот од промена на каматните стапки ..... 37
2 Обелоденување на ефективните каматни стапки за главните валути на средствата и обврските на пензискиот фонд ..... 38
3 Обелоденувања поврзани со ликвидносниот ризик ..... 39
4 Обелоденувања поврзани со ризикот на девизните курсеви ..... 40
5 Обелоденувања поврзани со оштетувања на финансиските инструменти(кредитен ризик) ..... 41

Образец 1.

# Извештај за нето средствата

на Триглав ОДПФ на ден 30.06.2021

| реден број | Група на сметки или сметка | ПОЗИЦИЈА | Белешки | Претходен период (во 000 ден.) | Тековен период (во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | 10 | Парични средства | 3 | 0 | 86 |
| 2 | 11 | Побарувања од продажба на хартии од вредност | | 0 | 0 |
| 3 | 12 | Побарувања по основ на вложувања | | 0 | 0 |
| 4 | 13 | Побарувања од Фондот на ПИОМ | 4 | 0 | 0 |
| 5 | 14 | Побарувања од други пензиски фондови | | 0 | 0 |
| 6 | 15 | Побарувања за дадени аванси | | 0 | 0 |
| 7 | 16 | Побарувања од пензиските друштва или чуварот на имот | | 0 | 0 |
| 8 | 17 | Побарувања од државата и други институции | | 0 | 0 |
| 9 | 18 | Побарувања за хартии од вредност купени директно од издавачот | | 0 | 0 |
| 10 | 19 | Платени трошоци за идните периоди и недостасана наплата на приходи (АВР) | | 0 | 13 |
| **11** | | **Вложувања во хартии од вредност и депозити (12+13+14)** | **5** | **0** | **619** |
| 12 | 3 | Финансиски средства кои се чуваат за тргување | | 0 | 98 |
| 13 | 4 | Финансиски средства кои се расположливи за продажба | | 0 | 521 |
| 14 | 5 | Финансиски средства кои се чуваат до достасување | | 0 | 0 |
| **15** | | **ВКУПНО СРЕДСТВА (збир од 1 до 11)** | | **0** | **718** |
| 16 | 20 | Обврски за неконвертирани придонеси | | 0 | 0 |
| 17 | 21 | Обврски по основ на вложување во хартии од вредност, депозити и пласмани | | 0 | 0 |
| 18 | 22 | Обврски за исплата на пензии/пензиски надоместоци спрема членовите на пензискиот фонд - достасани и неисплатени | | 0 | 0 |
| 19 | 23 | Обврски за пренос на средства на други пензиски фондови по основ на промена на членство | | 0 | 0 |
| 20 | 24 | Краткорочни обврски за заеми и кредити | | 0 | 0 |
| 21 | 25 | Долгорочни обврски за заеми и кредити | | 0 | 0 |
| 22 | 26 | Обврски кон пензиското друштво | 6 | 0 | 0 |
| 23 | 27 | Обврски за брокерски и посреднички провизии | | 0 | 0 |
| 24 | 28 | Останати обврски на пензискиот фонд | | 0 | 0 |
| 25 | 29 | Пасивни временски разграничувања | | 0 | 0 |
| **26** | | **ВКУПНИ ОБВРСКИ (збир од 16 до 25 )** | | **0** | **0** |
| **27** | | **НЕТО СРЕДСТВА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД (15 - 26)** | | **0** | **718** |
| 28 | | Број на издадени сметководствени единици | | 0,000000 | 7.128,938011 |
| **29** | | **ВРЕДНОСТ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ЕДИНИЦА (27/28)** | | **0,000000** | **100,674110** |
| 30 | 90 | Парични приливи по основ на уплатени придонеси од членови на фондот | | 0 | 714 |
| 31 | 91 | Парични приливи по основ на пренос на средства од други фондови од промена на членство | | 0 | 0 |
| 32 | 92 | Парични одливи по основ на исплатени пензии односно пензиски надоместок | | 0 | 0 |
| 33 | 93 | Парични одливи по основ на преноси на средства во други фондови од промена на членство | | 0 | 0 |
| 34 | 94 | Добивка/Загуба од тековната финансиска година | | 0 | 4 |
| 35 | 95 | Акумулирана добивка/загуба од претходните години | | 0 | 0 |
| 36 | 96 | Ревалоризација на хартиите од вредност расположливи за продажба | 7 | 0 | 0 |
| **37** | | **ВКУПНО ОБВРСКИ ВО ОДНОС НА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА (збир од 30 до 36)** | | **0** | **718** |

Образец 2.

# Извештај за работењето

на Триглав ОДПФ за периодот 01.01.2021 – 30.06.2021

| реден број | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Белешки | Претходен период (во 000 ден.) | Тековен период (во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | | |
| 1 | 70 | Приходи од камати и Амортизација на премијата/дисконтот на хартиите од вредност кои достасуваат на фиксен датум | 8 | 0 | 3 |
| 2 | 71 | Приходи од дивиденди | 9 | 0 | 0 |
| 3 | 73 | Реализирани капитални добивки | 10 | 0 | 0 |
| 4 | 74 - (741+742) | Позитивни курсни разлики од монетарни ставки без финансиските инструменти | | 0 | 0 |
| 5 | 75 | Други неспоменати приходи | 11 | 0 | 0 |
| 6 | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА (збир од 1 до 5)** | | **0** | **3** |
| | | **РАСХОДИ** | | | |
| 7 | 60 | Трошоци од работење со пензиското друштво и чуварот на имот | 12 | 0 | 1 |
| 8 | 61 | Расходи по основ на камати | | 0 | 0 |
| 9 | 63 | Реализирани капитални загуби | 13 | 0 | 0 |
| 10 | 64 - (641+642) | Негативни курсни разлики од монетарни ставки без финансиските инструменти | | 0 | **0** |
| 11 | 65 | Расходи за брокерски провизии и останати посреднички трошоци | 14 | 0 | 0 |
| 12 | 66 | Загуба поради оштетување | | 0 | 0 |
| 13 | 69 | Други расходи | | 0 | 0 |
| 14 | | **ВКУПНО РАСХОДИ (збир од 7 до 13)** | | **0** | **1** |
| 15 | | **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (6-14)** | | **0** | **2** |
| 16 | 72-62 | Нереализирана капитална добивка/загуба од вложувања во хартии од вредност | 15 | 0 | **0** |
| 17 | (741+742) - (641+642) | Нето курсни разлики од вложување во финансиски инструменти | | 0 | 1 |
| 18 | | **ВКУПНО НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ/ЗАГУБИ ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (16+17)** | | **0** | **2** |
| 19 | | **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА ОД РАБОТЕЊЕ НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД (15+18)** | | **0** | **4** |

Образец 3.

# Извештај за промените на нето средствата

на Триглав ОДПФ за периодот 01.01.2021 – 30.06.2021

| Ознака на позиција | Група на сметки | ПОЗИЦИЈА | Претходен период (во 000 ден.) | Тековен период (во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА ОД РАБОТЕЊЕ НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД** | | |
| 1 | **Образец 2 позиција 15** | НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД ВЛОЖУВАЊА | 0 | 2 |
| 2 | **Образец 2 позиција 18** | Вкупно нереализирана добивка/загуба од вложувања во хартии од вредност | 0 | 2 |
| 3 | 96 | Ревалоризација на хартиите од вредност расположливи за продажба | 0 | 0 |
| 4 | | **ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД (1+2+3)** | **0** | **4** |
| 5 | 90 | Парични приливи по основ на уплатени придонеси | 0 | 714 |
| 6 | 91 | Парични приливи на средства од други пензиски фондови од промена на членство | 0 | 0 |
| 7 | 92 | Парични одливи по основ за исплатени пензии/пензиски надоместок | 0 | 0 |
| 8 | 93 | Парични одливи на средства во други пензиски фондови од промена на членство | 0 | 0 |
| 9 | | **ВКУПНО НАМАЛУВАЊЕ/ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА ОД ТРАНСАКЦИИ СО СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ ЕДИНИЦИ НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД (5+6+7+8)** | **0** | **714** |
| 10 | | **ВКУПНО НАМАЛУВАЊЕ/ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА (4+9)** | **0** | **718** |
| | | **НЕТО СРЕДСТВА** | | |
| 11 | | На почетокот на периодот | 0 | 0 |
| 12 | | На крајот на периодот (10+11) | 0 | 718 |
| | | **БРОЈ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ЕДИНИЦИ** | | |
| 13 | | Издадени сметководствени единици врз основа на уплатени придонеси | 0,000000 | 7.128,938011 |
| 14 | | Издадени сметководствени единици врз основа на пренос на средства од други пензиски фондови од промена на членство | 0,000000 | 0,000000 |
| 15 | | Повлечени сметководствени единици врз основа на исплата на пензии / пензиски надоместоци | 0,000000 | 0,000000 |
| 16 | | Повлечени сметководствени единици врз основа пренос на средства во други пензиски фондови од промена на членство | 0,000000 | 0,000000 |
| 17 | | **БРОЈ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ЕДИНИЦИ (13+14+15+16)** | **0,000000** | **7.128,938011** |

Образец 4.

# Финансиски показатели според сметководствените единици

## на Триглав ОДПФ за периодот 01.01.2021 – 30.06.2021

| Ознака на позиција | П О З И Ц И Ј А | Претходен период (во 000 ден.) | Тековен период (во 000 ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Вредноста на нето средствата на пензискиот фонд по сметководствена единица на почетокот на периодот | | |
| 1 | Нето средства на пензискиот фонд на почетокот на периодот | 0 | 0 |
| 2 | Број на сметководствени единици на почетокот на периодот | 0,000000 | 0,000000 |
| **3** | **Вредност на сметководствената единица на почетокот на периодот (1/2)** | **0,000000** | **0,000000** |
| | Вредноста на нето средствата на пензискиот фонд по сметководствена единица на крајот на периодот | | |
| 4 | Нето средства на пензискиот фонд на крајот на периодот | 0 | 718 |
| 5 | Број на сметководствени единици на крајот на периодот | 0,000000 | 7.128,938011 |
| **6** | **Вредност на сметководствената единица на крајот на периодот (4/5)** | **0,000000** | **100,674110** |
| | **ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОКАЗАТЕЛИ И ПОДАТОЦИ** | | |
| 7 | Однос помеѓу расходите [1] и просечните нето средства на пензискиот фонд [2] | 0,000000 | 0,000003 |
| 8 | Однос помеѓу нето добивката/загубата од вложувањата на пензискиот фонд и просечните нето средства на пензискиот фонд [3] | 0,000000 | 0,000008 |
| 9 | Стапка на принос на пензискиот фонд [4] | н/а | н/а |

[1] Показателот се добива кога збирот од позициите 7 и 11 од Образецот бр. 2 ќе се подели со просечните нето средства на пензискиот фонд.
[2] Просечните нето средства на пензискиот фонд се добиваат кога збирот на вредностите на нето средствата на пензискиот фонд од последниот пресметковен ден од месеците во периодот кој е предмет на анализа ќе се подели со бројот на месеците
[3] Показателот се добива кога позицијата 15 од образецот бр.2 ќе се подели со просечните нето средства на пензискиот фонд.
[4] Се пресметува согласно формулата од Правилникот за проценка на средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови

403

Образец 5.

# Извештај за бројот на сметководствени единици

## на Триглав ОДПФ за периодот 01.01.2021 – 30.06.2021

| реден број | П О З И Ц И Ј А | Број на сметководствени единици | Извори на средствата на фондот |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| **1** | На почетокот на периодот | 0,000000 | 0 |
| **2** | Издадени сметководствени единици врз основа на уплатени придонеси во текот на периодот | 7.128,938011 | 714 |
| **3** | Издадени сметководствени единици врз основа на пренос на средства од други пензиски фондови од промена на членство во текот на периодот | 0,000000 | 0 |
| **4** | Повлечени сметководствени единици врз основа на исплата на пензии/пензиски надоместоци | 0,000000 | 0 |
| **5** | Повлечени сметководствени единици врз основа пренос на средства во други пензиски фондови од промена на членство | 0,000000 | 0 |
| **6** | Вкупен број на сметководствени единици на крајот на периодот | **7.128,938011** | **714** |
| | **Вредност на сметководствената единица** | | |
| | На почетокот на периодот | | 100,000000 |
| | На крајот на периодот | | 100,674110 |

Претседател на Управен одбор
Тихомир Петрески

Tihomir Petreski Digitally signed by Tihomir Petreski Date: 2021.07.21 17:12:51 +02'00'

---------------------------------------------------

Член на Управен одбор
Маријан Николовски

MARIJAN NIKOLOVSKI Digitally signed by MARIJAN NIKOLOVSKI Date: 2021.07.21 09:53:13 +02'00'

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1. Општи информации

Триглав отворен доброволен пензиски фонд – Скопје е основан согласно решението со број 14-244/17 од 28.03.2019 година на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, со кое е дадено одобрение за управување со доброволен пензиски фонд на Триглав пензиско друштво АД Скопје. Основни податоци на фондот се:

| | |
|---|---|
| Назив на Друштвото: | Триглав друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје - скратен назив: Триглав пензиско друштво АД Скопје. |
| Седиште на Друштвото: | Седиштето на Друштвото е на адреса: Бул. 8-ми Септември бр. 18 кат 2, 1000 Скопје, Република Македонија |
| Назив на Фондот: | Триглав отворен доброволен пензиски фонд - Скопје |
| Седиште на Фондот: | Седиштето на Фондот е на адреса: Бул. 8-ми Септември бр. 18 кат 2, 1000 Скопје, Република Македонија |
| Правна рамка на Фондот: | Отворен доброволен пензиски фонд |
| Датум на основање на пензискиот фонд: | Триглав отворен доброволен пензиски фонд - Скопје е основан на 28.03.2019 година со дозвола и одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд од страна на Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување. |
| Контакт телефон: | +389 2 5102 190 |

Име и презиме на членови на Управен одбор на Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд:

- Г-дин Тихомир Петрески, Претседател на Управен одбор
- Г-дин Маријан Николовски, Член на Управен одбор

Име и презиме на членови на Надзорен одбор на Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд:

- Г- дин Аљоша Уршич, Претседател на Надзорен одбор
- Г-дин Блаж Кметец, член на Надзорниот одбор
- Г-дин Дарко Поповски, член на Надзорниот одбор и
- Г-дин Мирослав Вујиќ, Независен член на Надзорниот одбор

Име, презиме и адреси на акционерите на Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд и нивното учество во основната главнина на Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд:

Заваровалница Триглав, д.д. Љубљана

Седиште: Миклошичева цеста 19, 1000 Љубљана, Република Словенија

Учество во основната главнина: 100%

Основната главнина на Триглав пензиско друштво АД Скопје изнесува 3,0 милиони Евра.

Назив и седиште на чувар на имот

Назив и седиште на чувар на имот: Комерцијална Банка АД Скопје

Седиштето на Чуварот на имот е на адреса: Ул. Орце Николов бр.3, ПФАХ 563, 1000 Скопје, Република Македонија

## 2. Сметководствени политики

### 2.1 Основи за составување на финансиските извештаи

Финансиските извештаи на Фондот се подготвени во согласност со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Правилникот за сметковниот план, формата и содржината на основните финансиски извештаи и дополнителните извештаи на пензиските фондови и Правилникот за проценка на средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови, пропишани од Агенцијата **за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата или МАПАС)**, објавени во Службен весник на Република Македонија.

### 2.2 Парични средства

Паричните средства и паричните еквиваленти ги опфаќаат паричните средства на наменските денарски и девизни сметки, отворени во Комерцијална банка АД Скопје - банка чувар и преодните сметки. Фондот има две наменски денарски сметки, сметка за придонеси и сметка за инвестиции.

### 2.3 Финансиски средства

Финансиските инструменти во кои се инвестирани средствата на Фондот можат да се класифицираат и евидентираат како финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех (добивката и загубата) кои се чуваат за тргување, финансиски средства кои се чуваат до доспевање и финансиски средства расположливи за продажба.

2.3.1 Класификација

Вложувања во финансиски средства кои се чуваат за тргување- во оваа категорија се класифицираат оние должнички и сопственички хартии од вредност стекнати со цел остварување на добивка преку тргување од краткорочна флуктуација на цена.

Вложувања во финансиски инструменти кои се чуваат до доспевање- во оваа категорија се класифицирани недеривативни финансиски инструменти со фиксни или определиви плаќања и фиксно доспевање за коишто пензискиот фонд има намера да ги чува до доспевање. Во случај Друштвото продаде вложувањата кои се чуваат до достасување, освен во незначителни износи или како последица на не повторувачки, изолиран настан надвор од негова контрола, кој не може да биде разумно предвиден, сите други негови други финансиски средства кои се класифицирани во категоријата финансиски инструменти кои се чуваат до доспевање треба повторно да се измерат по објективна, фер вредност. Од датумот на настанување на ваков настан, во наредните две финансиски години ниту една хартија од вредност не смее да се процени и класифицира во категоријата до доспевање.

во случај да се продадат дел од средствата кои се држат до достасување поради промена на целите или способноста да се држат до достасување, сите средства кои се класифицирани во категоријата на финансиски инструменти кои се чуваат до достасување треба повторно да се измерат по објективна (фер) вредност. Од датумот на настанување на ваков конкретен случај па во наредните две финансиски години ниту една хартија од вредност на пензискиот фонд не треба да се процени и класифицира во категорија до достасување.

Вложувања во финансиски инструменти расположливи за продажба- во оваа категорија се класифицирани финансиски инструменти наменети за чување на неодреден временски период, кои можат да се продадат доколку се јави потреба за ликвидни средства, или во ситуација на поволни пазарни движења со што би се остварила добивка.

2.3.2 Почетно мерење на вложувањата

Финансиските инструменти во кои се инвестираат средствата на Фондот, почетно се признаваат во Извештајот за нето средствата на пензискиот фонд на датумот на тргувањето, според трошокот на набавка вклучувајќи ги сите трансакциски трошоци кои директно се поврзани со стекнувањето на средството, освен кај финансиските инструменти кои се евидентираат во портфолиото за тргување. Средствата по објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се признаваат како расходи во периодот.

При почетното признавање, средствата кои се деноминирани во странска валута се евидентираат во денарска противвредност, според средниот девизен курс на НБРСМ за соодветната валута на датумот на тргување.

### 2.3.3 Последователно мерење на вложувањата

Последователното мерење на финансиските инструменти класифицирани како вложувања кои се чуваат за тргување се врши според објективната вредност, на датумот на проценка на средствата на пензискиот фонд. Последователното мерење на финансиските инструменти расположливи за продажба е комбинација од вреднување со амортизирана набавна вредност, со примена на методот на ефективна каматна стапка, доколку со овие средства активно не се тргува на пазарот за хартии од вредност, и вреднување по фер вредност. Добивките или загубите од промената на објективната вредност на финансиските инструменти расположливи за продажба се признаваат како нереализирани во позицијата - Ревалоризациони резерви во Извештајот за нето средствата на пензискиот фонд, се до моментот на престанок на признавањето или во случај на нивно оштетување, при што акумулираните добивки или загуби, претходно признаени во Извештајот за нето средства на Фондот, се признаваат во тековните добивки или загуби. Кај сопственичките хартии од вредност последователното вреднување се врши според објективната вредност на денот на проценка на средствата на пензискиот фонд. Каматата пресметана користејќи ја методата на ефективна каматна стапка, како и позитивните и негативните курсни разлики на монетарните средства класифицирани како расположливи за продажба се признаваат во Извештајот за работењето на Фондот. Дивидендите на хартиите од вредност расположливи за продажба се признаваат во Извештајот за работењето на Фондот во периодот кога ќе се обезбеди правото за примање на исплатата. По почетното признавање, финансиските средства кои се чуваат до доспевање се мерат според нивната амортизирана набавна вредност, со примена на методот на ефективна каматна стапка. При дисконтирање на идните парични текови, износот кој се дисконтира и бројот на денови за кои се врши дисконтирање се земаат од проспектот на хартијата. Недоспеаните приходи од камата и амортизацијата на дисконтот/премијата се признаваат како приходи од камата за периодот.

Кај орочените депозити последователното вреднување вклучува дневна евиденција на каматата по договорена каматна стапка.

### 2.3.4 Објективна вредност

Објективна вредност е износот за кој средството може да биде разменето, или обврската подмирена помеѓу запознаени и спремни страни преку непосредна трансакција. Објективната вредност на хартиите од вредност со кои се тргува во Република Северна Македонија се добива преку утврдување на нивната пазарна вредност. Само пазарните цени кои се резултат од тргување на Македонската берза на хартии од вредност се користат за утврдување на објективната вредност на хартиите од вредност со кои се тргува во РСМ.

Објективната вредност на хартиите од вредност со кои се тргува во земјите членки на Европската Унија и ОЕЦД, треба да биде еднаква на нивната пазарна вредност. При утврдување на објективната вредност на финансиските средства со кои се тргува во земјите членки на Европската Унија и ОЕЦД се користат единствено пазарните цени кои се резултат на регулирани секундарни пазари. Доколку на денот на проценка нема тргување со дадена хартија од вредност, нејзината пазарна вредност се утврдува врз основа на цената на последно тргување, од последниот ден во кој имало тргување.

Пазарната вредност не може да биде утврдена врз основа на цената на последно тргување доколку со инструментот не се тргувало во период подолг од 30 дена пред датумот на проценка.

Купување и продавање на краткорочни хартии од вредност и на државни обврзници, освен обврзници издадени за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните и обврзниците за денационализација, може да се врши и на пазари преку шалтер организирани од страна на Народната банка на Република С.Македонија во соработка со Министерството за финансии. Објективната вредност на овие хартии од вредност се мери со амортизираниот износ со користење на методот на амортизација со ефективна каматна стапка. Ако со инструмент не се тргувало во период подолг од 30 дена се применуваат техниките на вреднување кога не постои активен пазар.

Техники на вреднување кога не постои активен пазар - кога не постои активен пазар за финансискиот инструмент, објективната вредност се утврдува според следната методологија:

- кај акциите се утврдува според помалиот износ од набавната вредност или износот кој пензискиот фонд може разумно да очекува да го добие при прометна продажба;
- кај долгорочните должнички хартии од вредност употреба на методот на линеарна амортизација со тоа што, почетната вредност претставува последно утврдена објективна вредност на таа хартија;
- кај отворените инвестициони фондови се проценува според вредноста на уделот утврдена на датумот на проценка, а објавена од страна на Комисијата за хартии од вредност или Македонската берза на хартии од вредност. По исклучок, Друштвото може да ја користи последно објавената вредност по удел во инвестиционен фонд;
- кај затворените инвестициони фондови се проценуваат според вредноста на нето средствата по акција;
- кај хартиите од вредност врз основа на хипотека се проценуваат со користење на методот на дисконтирани парични текови, при што, дисконтната стапка која ќе се користи при пресметката треба да ги одрази преовладувачките ефективни каматни стапки за слични инструменти со ист преостанат рок на доспевање, прилагодена на ризикот од неизвршување на паричните обврски.

Амортизираната набавна вредност ја претставува вредноста на идните парични текови дисконтирани со примена на ефективната каматна стапка. Ефективната каматна стапка е дискотна стапка по која сегашната, дисконтирана вредност на сите идни парични текови се сведува на трошокот на набавка при почетното мерење, а претставува интерна стапка на принос на финансиското работење.

2.3.5 Добивки или загуби од последователното вреднување

Кај финансиските инструменти за тргување, секоја добивка/загуба од промената на фер вредноста на финансиските инструменти и приходите од купонската камата треба да се признаат во

Извештајот за работењето, во периодот кога настануваат и тоа како нереализирана добивка/загуба. Доколку во ова портфолио има финансиски инструменти кои гласат во девизи, курсните разлики кои произлегуваат од последователното вреднување исто така се признаваат во Извештајот за работењето како нереализирана добивка/загуба.

Кај финансиските инструменти кои се чуваат до доспевање при последователното вреднување, се генерираат добивки/загуби во Извештајот за работењето од купонска камата и амортизација на дисконтот/премијата кај должничките хартии од вредност, курсни разлики на финансиските инструменти во странска валута или деноминирани во странска валута и договорената камата кај орочените депозити.

Добивките или загубите од промената во објективната вредност на финансиските инструменти расположливи за продажба (разлика помеѓу сметководствената амортизирана вредност и објективната вредност) треба да се признаат како ревалоризирани резерви во Извештајот за нето средствата на фондот. Приходите од камати и амортизација на премијата/дисконтот се признаваат во Извештајот за работењето.

Нереализираните добивки/загуби кои произлегуваат од промената на фер-вредноста се признаваат на дневна основа.

2.3.6 Депризнавање на финансиски инструменти

Фондот престанува да ги признава финансиските инструменти кога повеќе не ги поседува правата содржани во тие инструменти, што вообичаено е случај кога инструментот е продаден, доспеан или на друг начин отуѓен. При депризнавање на финансиските инструменти по пат на продажба, се применува принципот на просечни набавни цени. При продажба на финансиските инструменти за тргување, нереализираните добивки/загуби кои се признаваат во Извештајот за работењето на пензискиот фонд, се депризнаваат во пропорционален дел на продажбата, а разликата меѓу депризнаените износи на нереализираната добивка и нереализираната загуба претставува реализирана капитална добивка/загуба. Депризнавањето се врши на нереализираните добивки/загуби признаени во тековниот период (тековната финансиска година). Во ова портфолио во нереализираната добивка/загуба се вклучени курсните разлики кои прозлегуваат од последователното вреднување. При доспевање на дел или цела главница, сметководствениот третман на нереализираните добивки/загуби е ист како кај продажбата. При депризнавање на финансиски инструменти расположливи за продажба, во случај на продажба, кумулативните нереализирани добивки/загуби, кои претходно се признавале во ревалоризационите резерви, се депризнаваат во пропорционален дел на продажбата и се пренесуваат во Извештајот за работењето како реализирани капитални добивки/загуби. Кај должничките хартии од вредност расположливи за продажба, при доспевање на дел или цела главница се врши депризнавање на нереализирани добивки/загуби, претходно признаени во ревалоризационите резерви, во пропорционален дел на доспеаниот.

### 2.3.7 Оштетување на финансиски инструменти

Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност- на секој датум на известување, Фондот проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Финансиското средство или група на финансиски средства се оштетени само доколку постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата (“случај на загуба”) и доколку тој случај (или случаи) на загуба влијае на предвидениот иден готовински тек на финансиското средство или група финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Износот на загубата претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (исклучувајќи ги идните загуби по основ на средството) дисконтирани со примена на оригиналната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Побарувањата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот Извештај за работењето на Фондот.

Доколку причините за обезвреднување исчезнат, претходно признаениот износ на загуба поради обезвреднување Фондот го ослободува / анулира преку коригирање на сметката за загуба поради обезвреднување и го вклучува во Извештајот за работењето. Ослободувањето на загубата поради обезвреднување не може да резултира во сметководствена вредност која го надминува износот на амортизираната набавна вредност на средството, доколку не било признаено обезвреднување.

Средства евидентирани по објективна вредност- на секој датум на билансирање, Фондот проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на финансиското средство под неговата набавна вредност претставува објективен доказ при утврдувањето на можноста од оштетување. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност се признава во Извештајот за работењето на Фондот. Доколку, во последователен период, објективната вредност на должнички инструмент класифициран како расположлив за продажба се зголеми, а зголемувањето може објективно да се поврзе со настан кој се јавува по признавањето на загубата поради оштетување во тековните добивки или загуби, загубата поради оштетување се анулира преку Извештајот за работењето на Фондот. Останатиот износ, до новата објективна вредност, Фондот го третира како зголемување на објективната вредност на средството и се признава во ревалоризациските резерви.

## 2.4 Средства на Фондот и стратегија на вложувања

Средствата на Фондот се инвестираат согласно одредбите на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување со цел остварување на највисок принос единствено во полза на членовите на пензискиот фонд врз основа на принципите на сигурност, диверзификација на ризикот од инвестирање и одржување на адекватна ликвидност. Законот и Правилникот за инвестирање на средствата на задолжителните пензиски фондови го регулираат инвестирањето на средствата на Фондот, ги дефинираат видовите на инструменти во кои е дозволено инвестирање,

бонитетот на издавачите и инструментите, лимитите по одделни издавачи и лимитите во однос на географската диверзификација.

2.5 Побарувања на Фондот

Фондот може да има побарувања по следните основи: побарувања од продажба на хартии од вредност, побарувања по основ на вложувања, побарувања од Фондот на ПИОМ, од други пензиски фондови, побарувања за дадени аванси, побарувања од пензиското друштво и чуварот на имот, од државата и останати институции. Фондот може да има побарувања и од хартии од вредност купени директно од издавачот. Фондот има и недостасани побарувања за пресметани камати и други активни временски разграничувања. Побарувањата се искажуваат по нивната номинална вредност. Побарувањата по основ на вложувања во хартии од вредност се однесуваат на продавањето и купувањето на хартиите од вредност и се признаваат како средства и/или обврски на датумот на тргување, а се подмируваат на датумот на плаќање. Овие побарувања вклучуваат и побарувања за дивиденди.

2.6 Обврски на Фондот

Фондот може да има обврски по следните основи: обврски за неконвертирани придонеси, обврски по основ на вложувања во хартии од вредност, депозити и пласмани, обврски за исплата на пензии/пензиски надоместоци спрема членовите и пензионираните членови на пензискиот фонд, обврски за пренос на средства на други фондови по основ на промена на членство, обврски по основ на заеми и кредити, обврски кон Друштвото, обврски за брокерски и посреднички провизии, останати обврски и одложено плаќање на трошоци и приходи за идни периоди. Обврските се искажуваат по нивната номинална вредност.

2.7 Нето вредност на средствата на Фондот и вредност на сметководствената единица

Нето вредноста на средствата на Фондот се утврдува со одземање на вкупните обврски, освен обврските кон членовите на Фондот, од вкупните средства на Фондот.

Вредноста на сметководствената единица на Фондот е еднаква на вредноста на нето средствата на Фондот поделена со вкупниот број на сметководствени единици. Вредноста на сметководствената единица на првиот датум на проценка по првата уплата на придонеси во Фондот изнесува 100 МКД, во согласност со Правилникот за проценка на средствата на пензиските фондови.

Вредноста на сметководствената единица, бројот на сметководствените единици и сите намалувања и зголемувања на бројот на сметководствените единици се презентираат со точност до шест децимални места.

2.8 Стапка на принос на пензискиот фонд

Стапката на принос се пресметува во номинален и реален износ за претходните 84 месеци (пресметковен период), а потоа се конвертира во еквивалентна годишна стапка на принос, изразена во проценти, со две децимални места.

Доколку пензискиот фонд не примал придонеси во период од 84 месеци, но примал во период од 12 месеци, на крајот на јуни односно декември, ќе се утврди приносот за периодот од први јуни односно декември по основање на фондот до крајот на јуни односно декември кога се прави пресметката. Во тој случај пресметковниот период изнесува 78, 72, 66, 60, 54, 48, 42, 36, 30, 24, 18 и 12 месеци.

Стапката на принос во номинален износ за секој пресметковен период, конвертирана во еквивалентна годишна стапка на принос во номинален износ, се пресметува по следната формула:

Rnom= (SEt/SEo)^(365/t)-1

каде,

Rnom е стапка на принос во номинален износ за пресметковниот период,

SEt е вредноста на сметководствената единица на последниот ден од пресметковниот период,

SEo е вредноста на сметководствената единица на последниот ден од месецот кој претходи на првиот месец во пресметковниот период,

t е број на денови во пресметковниот период.

Стапката на принос во реален износ за секој пресметковен период, конвертирана во еквивалентна годишна стапка на принос во реален износ, се пресметува врз основа на годишната стапка на принос во номинален износ и промена на нивото на трошоците за живот во пресметковниот период со користење на следната формула:

Rreal = (1+Rnom)/{[П(1+(ik-100)/100))]^365/t}-1

каде,

***Rreal*** е стапката на принос во реален износ за пресметковниот период, **Rnom** е стапката на принос во номинален износ за пресметковниот период, **ik** е индекс на трошок на живот, објавен од Државниот завод за статистика на Р. Македонија, на крајот на јуни односно декември во секоја година во однос на јуни или декември во претходната година, почнувајќи од годината на пресметката наназад за сите години во пресметковниот период и последното полугодие во пресметковниот период доколку тој изнесува 78, 66, 54, 42, 30 или 18 месеци.

2.9 Признавање на приходи

2.9.1 Приходи од камати и дивиденди

Приходите од камати вклучуваат приходи од купонска камата на обврзници, приходи од достасани хартии од вредност и приходи од орочени средства. Приходите по основ на камати се

евидентирани врз пресметковна основа. Приходите од дивиденди вклучуваат приходи од дивиденди од домашни акции и удели во странски отворени инвестициски фондови. Приходите од дивиденди се евидентираат по добиена најава за исплата на дивиденда од банка чувар.

### 2.9.2 Реализирани капитални добивки/загуби

Реализираните капитални добивки/загуби од вложувања, се признаваат во моментот на продажбата на финансиските инструменти, како разлика помеѓу набавната и продажната вредност кај финансиските инструменти во портфолио за тргување и како разлика меѓу сметководствената и продажната вредност кај финансиските инструменти расположливи за продажба. Реализирани капитални добивки/загуби се признаваат и при наплата на достасана главница или дел од главница на должничките инструменти евидентирани во портфолиото за тргување.

### 2.9.3 Нереализирани капитални добивки/загуби

Нереализираните добивки/загуби се признаваат како разлика помеѓу трошокот за набавка и објективната вредност на хартиите од вредност односно амортизираната набавна вредност. При достасување на главницата или нејзин дел, како и при продажба на хартиите од вредност, износот на нереализираните добивки и загуби се пренесува како реализирани добивки/загуби за периодот или приход од камати.

### 2.9.4 Амортизација на дисконт/премија на хартии од вредност

Дисконтот/премијата на хартиите од вредност се амортизира преку трошоци/приходи од камата. Амортизацијата на дисконтот/премијата на хартиите од вредност се евидентира на дневна основа и се признава како приход од камата во Извештајот за работењето на пензискиот фонд. Во моментот на доспевање или продажба на хартиите од вредност, износот на амортизацијата се пренесува како реализирана добивка или загуба.

## 2.10 Расходи на Фондот

### 2.10.1 Надоместок за управување со Фондот

Фондот исплаќа надоместоци на Друштвото за управување со средствата на Фондот на месечно ниво во износ од 0,030% од вредноста на вкупно управуваните нето средства на Фондот.

### 2.10.2 Брокерски провизии и останати посреднички трошоци

Брокерски провизии се расходи кои настануваат од трансакциите со финансиски инструменти. Останати посреднички трошоци се трошоците кои произлегуваат од вложувањето во финансиските инструменти.

## 2.11 Добивки/загуби од курсни разлики

Средствата на Фондот кои се деноминирани во странска валута, при почетното признавање се евидентираат според средниот девизен курс на НБРСМ, односно при секое дополнително мерење средствата се проценуваат по средниот девизен курс на НБРСМ. Курсните разлики се евидентираат во Извештајот за работењето на пензискиот фонд и тоа: позитивните курсни разлики од монетарни ставки (парични средства, побарувања и обврски) се признаваат како приходи од вложувања, негативните курсни разлики од монетарни ставки се признаваат како расходи од вложувања, нето курсните разлики од вложувањата во финансиски инструменти се признаваат како нереализирани добивки/загуби.

## 2.12 Данок на добивка

Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Фондот претставува отворен инвестициски фонд. Како таков, нема правен субјективитет и не подлежи на одредбите од Законот за данок од добивка, кој се применува на правни субјекти.

## 2.13 Исплати од доброволен фонд

Член на доброволен пензиски фонд стекнува право на пензиски надоместок од доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, најрано десет години пред возраста за право стекнување на право на старосна пензија. Кога член на доброволен пензиски фонд стекнува право на пензиски надоместок, целиот износ на акумулирани средства од неговата доброволна индивидуална или професионална сметка ќе се искористи со право на личен избор на членот за:

- Исплата на вкупен износ еднократно или повеќекратно
- Купување на пензиски ануитет,
- Програмирани повлекувања, или
- Комбинација на сите претходни опции

Исплати од доброволен фонд се вршат како:

- исплати за пренос на средства во другото Друштво (во рамки на редовниот трансфер),
- исплати на пензиски надоместок врз основ на остварено право,
- исплата на наследство согласно Законот за наследство, и
- исплата во случај на општа неспособност за работа врз основа на одлука од страна на Комисија за оцена на работна способност при ФПИОСМ.

Исплатите за пренос на средства во другите Друштва за управување со пензиски фондови, претставуваат преноси по основ на промена на членство, додека останатите видови исплати претставуваат исплати кон членовите или нивните наследници. Исплатите на пензии од задолжителниот фонд се предмет на оданочување со данок на личен доход.

2.14 Трансакции со поврзани субјекти

Поврзан субјект во однос на одредено правно лице или физичко лице е:
а) поединечен акционер или група акционери кои поседуваат најмалку 10% од акциите со право на глас или поседуваат помал процент и имаат посредна или непосредна контрола врз одлучувањето во тоа правно лице;

б) било кое друго правно лице во кое првото правно лице, посредно или непосредно, поседува најмалку 10% од акциите со право на глас или поседува помал процент и има посредна или непосредна контрола врз одлучувањето на тоа правно лице;

в) било кое друго правно лице во кое еден акционер, посредно или непосредно, поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас и во ист временски период истиот акционер поседува, посредно или непосредно, повеќе од 20% од акциите со право на глас во првото правно лице;

г) физичко лице или правно лице кое има непосредна или посредна контрола, или се контролирани од или се под заедничка контрола на правното лице;

д) член на управен одбор, надзорен одбор или член на друг орган на управување или надзор на правното лице;

ѓ) во врска со лицата наведени погоре, лица кои се во сродство преку брак или посвојување, деца и родители, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, баби, дедовци и внуци, на друг начин се крвно поврзани до втор степен, лица кои се во однос родител старател и дете, маќеа или очув и посинок и поќерка и снаа, зет и родители на брачните другари.

2.15 Критични сметководствени претпоставки и клучни извори на несигурност во проценките

Во примената на сметководствените политики на Фондот, раководството треба да донесе одредени пресуди, проценки и претпоставки за сметководствената вредност на средствата и обврските кои не се лесно воочливи од другите извори. Проценките и придружните претпоставки се базирани на претходни искуства и други фактори кои се смета дека се релевантни. Реалните резултати можат да се разликуваат од овие проценки.

Подолу се наведени клучните претпоставки што се однесуваат на иднината и други извори на несигурност при вршење на проценките на датумот на извештајот за финансиската состојба, коишто ги зголемуваат ризиците за значајни корекции на сметководствената вредност на средствата и обврските во текот на наредната финансиска година.

2.15.1 Класификација на финансиски инструменти

Друштвото ги класифицира финансиските инструменти во портфолиото на основа на проценка на раководството за долгорочната намера на чување на средството и способноста на Фондот да го чува средството. Мислење на раководството е дека класификацијата на финансиските инструменти прикажани во финансиските извештаи е направена на основа на валидни расудувања и проценки за намерата и способноста за чување на средството.

2.15.2 Исправка на вредноста на побарувањата

Пресметката на исправка на вредноста на спорните побарувања се заснова на проценетите загуби кои потекнуваат од неможноста на другата страна да ги исполни договорните обврски. Проценката се заснова на анализи на старосната структура на побарувањата, историските отписи и бонитетот на издавачот. Ова ги вклучува и претпоставките за идното однесување на издавачите и резултирачките идни наплати. Раководството верува дека дополнителна исправка на вредноста, освен за резервирањата кои се веќе прикажани во финансиските извештаи, не е потребна.

## 3. Парични средства

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Денарска наменска сметка за уплатени придонеси | - | - |
| Денарска наменска сметка за инвестиции | - | 86 |
| Девизна сметка | - | - |
| Вкупно | - | 86 |

## 4. Побарувања

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Побарувања по основ на вложувања | - | - |
| Платени трошоци за идни периоди (АВР) | - | - |
| Вкупно | - | - |

## 5. Вложувања во хартии од вредност и депозити

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Акции издадени од домашни акционерски друштва | - | - |
| Акции издадени од странски акционерски друштва | - | - |
| Странски отворени инвестициски фондови | - | 64 |
| Удели издадени од домашни ОИФ | - | 34 |
| Финансиски средства кои се чуваат за тргување | - | 98 |
| | | |
| Краткорочни депозити | - | - |
| Долгорочни депозити | - | - |
| Домашни државни обврзници | - | - |
| Финансиски средства кои се чуваат до достасување | - | - |
| | | |
| Домашни државни обврзници | - | 521 |
| Домашни државни записи | - | - |

| | | |
|---|---|---|
| Финансиски средства кои се расположливи за продажба | - | 521 |
| Вкупни вложувања во хартии од вредност и депозити | - | 619 |

6. Обврски кон пензиското друштво

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Обврски по основ на надоместок од уплатени придонеси | - | - |
| Обврски по основ на надоместок за управување со средства | - | - |
| Вкупно | - | - |

7. Ревалоризација на хартиите од вредност расположливи за продажба

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Обврзници издадени или гарантирани од Владата на Република Македонија | | |
| MKMINF20GS89 - DO2019/10-0749DK | - | - |
| RMEN10 | - | - |
| RMDEN11 | - | - |
| Вкупно | - | - |

## 8. Приходи од камати и амортизација на дисконт/премија

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Приходи од “а виста” камата | - | - |
| Приходи од камата од долгорочни депозити | - | - |
| Приходи од камата од краткорочни депозити | - | - |
| Приходи од камата од обврзници издадени од Р.С. Македонија | - | 3 |
| Вкупно | - | 3 |
| Амортизација на дисконт/премија на обврзници | - | - |
| Вкупно | - | - |

## 9. Приходи од дивиденди

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Приходи од дивиденда – обични акции во земјата | - | - |
| Приходи од дивиденда – обични акции во странство | | - |
| Приходи од дивиденда – ЕТФ | - | - |
| Вкупно | - | - |

## 10. Реализирана капитална добивка/(загуба) од вложувања во хартии од вредност

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Удели во домашни отворени инвестициони фондови | - | - |
| Вкупно | - | - |

## 11. Позитивни курсни разлики од монетарни ставки без финансиските инструменти

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Позитивни курсни разлики кај парични средства-девизни сметки | - | - |
| Позитивни курсни разлики од купопродажба на девизи по заклучница | - | - |
| Позитивни курсни разлики кај обврски за порамнување на трансакции странство | - | - |

| | | |
|---|---|---|
| Позитивни курсни разлики од побарувања за дивиденда ЕТФ | - | - |
| Позитивни курсни разлики од побарувања за дивиденда - акции во странство | - | - |
| Позитивни курсни разлики од побарувања за девизен депозит | - | - |
| Вкупно | - | - |

12. Трошоци од работењето со пензиското друштво и чуварот на имот

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Трошок кон Друштвото по основ на управување со средствата | - | 1 |
| Вкупно | - | 1 |

13. Расходи по основ на камати и данок за дивиденда

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Расходи по основ на негативна камата | - | - |
| Вкупно | - | - |

14. Расходи за брокерски провизии и останати посреднички трошоци

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Брокерска провизија | - | - |
| Вкупно | - | - |

15. Нереализирана капитална добивка/(загуба) од вложувања во хартии од вредност

| | 30 јуни 2020 | 30 јуни 2021 |
|---|---|---|
| Удели во домашни отворени инвестициони фондови | - | - |
| Обични акции издадени во Република Македонија | - | - |
| Обични акции издадени од странски компании и банки | - | - |
| Странски отворени инвестициски фондови | - | - |

| | | |
|---|---|---|
| Државни записи издадени во Република Македонија | - | - |
| Вкупно | - | - |

## 16. Трансакции со поврзани страни

Поврзаните страни на Друштвото при работењето во име и за сметка на Фондот се идентификуваат согласно сметководствените политики. Во периодот од 1 јануари 2021 година до 30 јуни 2021 година Друштвото нема евидентирано трансакции со поврзани страни во име и за сметка на Фондот.

## 17. Управување со ризиците

Целта на управувањето со ризици на Фондот, е да се обезбеди работење во согласност со правилата за управување со ризикот, да се врши контрола и надзор над ризиците од работењето, како и да презема мерки за управување со тие ризици. Политиката за контрола на ризикот претставува воспоставување на неопходните постапки и процедури за заштита од неприфатлива изложеност на ризик на Фондот.

Процесот на управување со ризици се состои од следните активности:

- Идентификување на сите ризици со кои се соочува, или може да се соочи Фондот, како и анализа на изложеноста на ризиците.
- Процена на материјалноста на идентификуваните ризици
- Одредување на начинот на следење на материјалните ризици,
- Начин на управување со поединечни видови на ризици
- Воспоставување и ажурирање на систем на лимити на изложеноста на ризици
- Воспоставување на систем за известување за изложеноста на ризици

### 17.1 Ризик од промена на каматните стапки

Каматниот ризик се однесува на веројатноста од пад на вредноста на средствата во портфолиото кои се резултат на неочекувани промени во каматните стапки. Фондот е изложен на каматен ризик за средствата во портфолиото кои имаат фиксни каматни стапки.

### 17.2 Валутен ризик

Валутен ризик, односно ризик од промена на девизните курсеви, произлегува од промените на курсевите на една валута во однос на друга. Отворена или несовршено хеџирана позиција во одредена странска валута може да доведе значајни флуктуации на профитите или вредноста на средствата мерени во локална валута.

17.3 Ризик од промена на вредноста на сопственичките инструменти

Ризикот од промена на вредноста на сопственичките инструменти е ризик кој произлегува од пазарните движења на вредноста по која се тргуваат сопственичките инструменти во портфолиото на Фондот кои се класифицирани како финансиски инструменти за тргување или расположливи за продажба. Вреднувањето на овие финансиски инструменти се врши на дневна основа. Со овој ризик друштвото управува преку диверзификација на портфолиото по повеќе димензии – секторска, географска, валутна и други.

17.4 Ликвидносен ризик

Ризикот на ликвидност е ризик кој произлегува од неможноста да се претворат поединечни облици на имот во пари, или ризик кој произлегува од неможноста да се доведат во рамнотежа краткорочните средства од една и краткорочните обврски од друга страна.

Управувањето на ризикот од ликвидност е насочено кон одржување на способноста на Фондот да располага со средствата на начин кој ќе овозможи во секое време Фондот да е во состојба да одговори на пристигнатите обврски и да ја одржи ликвидноста на оптимално ниво, односно ниво кое ги задоволува сите законски барања.

17.5 Кредитен ризик

Кредитен ризик претставува можноста за генерирање на загуба која произлегува од неуспехот или пак зголемениот ризик од неуспех на другата договорна страна (англ. „counterparty“) да ги исполни договорните обврски.

Со оглед на тоа што Фондот ќе ги вложува средствата на своите клиенти во хартии од вредност на повеќе издавачи, кредитниот ризик на кои се изложени средствата, се набљудува на ниво на целото портфолио. Кредитниот ризик на портфолиото се анализира во согласност со основните фактори кои го детерминираат степенот на ризик, односно:

- Кредитниот рејтинг на поединечните издавачи/должниците во кои се вложуваат средствата,
- Концентрација на портфолиото, односно степенот на диверзификација во поглед на издавачи, сектори и региони,
- Општата состојба во економиите каде што оперираат издавачите/должниците.

17.6 Оперативен ризик

Оперативните ризици се контролираат преку поставување на соодветна поделба на одговорностите помеѓу организационите делови на Друштвото вклучени во процесот на управување со инвестициското портфолио на Фондот, во однос на: склучување на трансакциите, следење на усогласеноста со лимитите на изложеност и регулативните барања, мерење на остварувањата, известувањето, порамнувањето и сметководствената евиденција и мерење на резултатите.

Управувањето со оперативните ризици се врши преку обезбедување на соодветна информациска технологија за поддршка на операциите за управување и инвестирање на средствата на Фондот.

## 18. Настани по датумот на известување

По датумот на составување на извештајот за финансиската состојба не се случија настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.

# ПРИЛОЗИ

Образец 6.

# Извештај за структурата на инвестициите

на Триглав ОДПФ на ден 30.06.2021

**(1) Акции**

| ОПИС | Бр. на акции | Трошок на набавка по акција (во ден) | Вкупен трошок на набавка (во ден) | Вредност на акцијата на денот на известување | Вкупна вредност на денот на известување (во ден) | % на издавачот | % од вредноста на пензискиот фонд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| **Обични акции** | | | | | | | |
| Приоритетни акции | | | | | | | |
| Акции во затворени инвестициони фондови | | | | | | | |
| Вкупно вложувања во акции издадени во Република Македонија | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00% | 0,00% |
| **Обични акции** | | | | | | | |
| **Приоритетни акции** | | | | | | | |
| **Акции во затворени инвестициони фондови** | | | | | | | |
| **Вкупно вложувања во акции издадени во странство** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00%** | **0,00%** |
| **Вкупно вложувања во акции** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00%** | **0,00%** |

**(2) Обврзници**

| ОПИС | Номинална вредност | Трошок на набавка (во ден) | Вкупна вредност на денот на известување (во ден) | % на издавачот | % од вредноста на пензискиот фонд |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Обврзници издадени или гарантирани од Владата на Република Македонија** | **205.114** | **530.214** | **533.425** | **0,07%** | **74,27%** |
| MKMINF20GW42 - DO2021/10-0636 17.06.2036 - MKD | 200.000 | 200.300 | 200.475 | 0,03% | 27,91% |
| MKMINF200DB6 - RMDEN11 31.05.2022 - EUR | 72 | 4.494 | 4.396 | 0,01% | 0,61% |
| MKMINF20GS89 - DO2019/10-0749DK 18.7.2049 - EUR | 5.042 | 325.420 | 328.553 | 0,03% | 45,75% |
| Обврзници издадени или гарантирани од Народна Банка на Република Македонија | | | | | |
| Обврзници издадени или гарантирани од банки | | | | | |
| Обврзници издадени од акционерски друштва, освен банки | | | | | |
| **Вкупно инвестиции во обврзници издадени во Република Македонија** | **205.114** | **530.214** | **533.425** | **0,07%** | **74,27%** |
| Обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки | | | | | |
| Обврзници и други хартии од вредност - издадени од странски единици на локална самоуправа | | | | | |
| Обврзници и други должнички хартии од вредност - издадени од странски компании и банки | | | | | |
| **Вкупно инвестиции во обврзници издадени во странство** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| **Вкупно инвестиции во обврзници** | **205.114** | **530.214** | **533.425** | **0,07%** | **74,27%** |

**(3) Други должнички хартии од вредност и удели во отворени**

| ОПИС | Номинална вредност | Трошок на набавка (во ден.) | Вкупна вредност на денот на известување (во денари) | % на издавачот | % од вредноста на пензискиот фонд |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трезорски записи издадени од Владата на Република Македонија | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| Благајнички записи издадени од Народна Банка на Република Македонија | | | | | |
| Сертификати за депозит и комерцијални записи издадени или гарантирани од банки | | | | | |
| Хартии од вредност врз основа на хипотека издадени од банки | | | | | |
| Комерцијални записи издадени од акционерски друштва, освен банки | | | | | |
| Удели во отворени инвестициони фондови | **276** | **34.000** | **34.047** | **0,00%** | **4,74%** |
| РОИФ1212072012КДКЕДЕ6364578 ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТ АД СКОПЈЕ | 276 | 34.000 | 34.047 | 0,00% | 4,74% |
| Други ненаведени хартии од вредност | | | | | |
| **Вкупно инвестиции во други должнички хартии од вредност и удели во инвестициони фондови во Република Македонија** | **276** | **34.000** | **34.047** | **0,00%** | **4,74%** |
| Удели во отворени инвестициони фондови | **10** | **63.217** | **64.428** | **0,00%** | **8,97%** |
| US4642863926 - ISHARES MSCI WORLD ETF | 3 | 19.344 | 19.706 | 0,00% | 2,74% |
| US8085242019 - ISHARES SCHWAB US LARGE-CAP ETF | 3 | 15.588 | 16.187 | 0,00% | 2,25% |
| US9229087443 - VANGUARD VALUE ETF | 4 | 28.285 | 28.535 | 0,00% | 3,97% |
| Трезорски записи издадени од странски влади | | | | | |
| Благајнички записи издадени од странски централни банки | | | | | |
| Комерцијални записи издадени од странски компании и банки | | | | | |
| Други ненаведени хартии од вредност | | | | | |
| **Вкупно инвестиции во други должнички хартии од вредност и удели во инвестициони фондови издадени во странство** | **10** | **63.217** | **64.428** | **0,00%** | **8,97%** |
| **Вкупно инвестиции во други должнички хартии од вредност и удели во отворени инвестициони фондови** | **286** | **97.217** | **98.475** | **0,00%** | **13,71%** |

**(4) Пласмани и депозити**

| ОПИС | Трошок за набавка (во денари) | Вкупна вредност на денот на извештајот (во денари) | % од вредноста на пензискиот фонд |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Краткорочни депозити | | | |
| Долгорочни депозити | | | |
| Останати пласмани | | | |
| **Вкупно пласмани и депозити** | **0** | **0** | **0,00%** |

Образец 7.

# Структура на инвестициите по видови на финансиски средства

на Триглав ОДПФ на ден 30.06.2021

| ОПИС | Вкупна вредност на денот на известувањето | Процентуален удел во вредноста на пензискиот |
|---|---|---|
| Акции | 0 | 0,00% |
| Обврзници и други долгорочни должнички хартии од вредност | 533.425 | 74,27% |
| Краткорочни хартии од вредност | 0 | 0,00% |
| Акции и удели во инвестициони фондови | 98.475 | 13,71% |
| Парични средства | 86.277 | 12,01% |
| Пласмани и депозити | 0 | 0,00% |
| Останати средства | 0 | 0,00% |
| **Вкупно средства** | **718.176** | **100,00%** |

Образец 8.

# Извештај за реализираните добивки и загуби

на Триглав ОДПФ за периодот 01.01.2021 – 30.06.2021

| Датум на продажба | Продадена хартија од вредност | Бр. на хартии од вредност | Сметководствена вредност | Продажна цена | Реализирана добивка или загуба |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 (5-4) |
| | Обични акции издадени во Република Македонија | | | | 0 |
| | Приоритетни акции издадени во Република Македонија | | | | 0 |
| | Акции во затворени инвестициони фондови издадени во Република Македонија | | | | 0 |
| | Обични акции издадени од странски компании и банки | | | | 0 |
| | Приоритетни акции издадени од странски компании и банки | | | | 0 |
| | Акции во затворени инвестициони фондови издадени од странски компании и банки | | | | 0 |
| | Обврзници издадени или гарантирани од Владата на Република Македонија | | | | 0 |
| | Обврзници издадени или гарантирани од Народна Банка на Република Македонија | | | | 0 |
| | Обврзници издадени или гарантирани од домашни банки | | | | 0 |
| | Обврзници издадени од домашни акционерски друштва, освен банки | | | | 0 |
| | Обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки | | | | 0 |
| | Обврзници и други должнички хартии од вредност - издадени од странски единици на локална самоуправа | | | | 0 |
| | Обврзници и други должнички хартии од вредност - издадени од странски компании и банки | | | | 0 |
| | Трезорски записи издадени од Владата на Република Македонија | | | | 0 |
| | Благајнички записи издадени од Народна Банка на Република Македонија | | | | 0 |
| | Сертификати за депозит и комерцијални записи издадени или гарантирани од домашни банки | | | | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Хартии од вредност врз основа на хипотека издадени од домашни банки | | | | 0 |
| | Комерцијални записи издадени од домашни акционерски друштва, освен банки | | | | 0 |
| | Удели во домашни отворени инвестициони фондови | | | | 0 |
| | Други ненаведени домашни хартии од вредност | | | | 0 |
| | Трезорски записи издадени од странски влади | | | | 0 |
| | Благајнички записи издадени странски централни банки | | | | 0 |
| | Комерцијални записи издадени од странски компании и банки | | | | 0 |
| | Удели во странски отворени инвестициони фондови | | | | 0 |
| | Други ненаведени хартии од вредност издадени од странски влади и компании | | | | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Дополнителни реализирани капитзлни добивки/загуби** | | | **Реализирани загуби** | **Реализирани добивки** |
| | | | | | |
| | **Реализирани капитални добивки/загуби - наплата на достасани хартии од вредност и достасани ануитети на хартии од вредност** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | **ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ И ЗАГУБИ** | | | | **0** |

Образец 9.

# Извештај за нереализираните добивки и загуби

на Триглав ОДПФ за периодот од 01.01.2021 – 30.06.2021

| Датум на последна проценка | ХАРТИЈА ОД ВРЕДНОСТ | Трошок за набавка (во денари) | Објективна вредност | Ревалоризација на хартиите од вредност расположливи за | Нереализирана добивка или загуба | Нето курсни разлики | Амортизација на дисконтот (премијата) на инструментите кои доспеваат на | Загуба поради оштетување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | Обични акции издадени во Република Македонија | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | Приоритетни акции издадени во Република Македонија | | | | | | | |
| | Акции во затворени инвестициони фондови издадени во Република Македонија | | | | | | | |
| | Обични акции издадени од странски компании и банки | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | Приоритетни акции издадени од странски компании и банки | | | | | | | |
| | Акции во затворени инвестициони фондови издадени од странски компании и банки | | | | | | | |
| | Обврзници издадени или гарантирани од Владата на Република Македонија | **325.420** | **533.425** | **-263** | **0** | **265** | **3.208** | **0** |
| **30.06.2021** | MKMINF20GW42 - DO2021/10-0636 17.06.2036 - MKD | 200.300 | 200.475 | 0 | 0 | 0 | 175 | 0 |
| **30.06.2021** | MKMINF200DB6 - RMDEN11 31.05.2022 - EUR | 4.494 | 4.396 | -80 | 0 | -26 | 9 | 0 |
| **30.06.2021** | MKMINF20GS89 - DO2019/10-0749DK 18.7.2049 - EUR | 325.420 | 328.553 | -183 | 0 | 292 | 3.025 | 0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Обврзници издадени или гарантирани од Народна Банка на Република Македонија | | | | | | | |
| | Обврзници издадени или гарантирани од домашни банки | | | | | | | |
| | Обврзници издадени од домашни акционерски друштва, освен банки | | | | | | | |
| | Обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки | | | | | | | |
| | Обврзници и други должнички хартии од вредност издадени од странски единици на локална самоуправа | | | | | | | |
| | Обврзници и други должнички хартии од вредност издадени од странски компании и банки | | | | | | | |
| | Трезорски записи издадени од Владата на Република Македонија | | | | | | | |
| | Благајнички записи издадени од Народна Банка на Република Македонија | | | | | | | |
| | Сертификати за депозит и комерцијални записи издадени или гарантирани од домашни банки | | | | | | | |
| | Хартии од вредност врз основа на хипотека издадени од домашни банки | | | | | | | |
| | Комерцијални записи издадени од домашни акционерски друштва, освен банки | | | | | | | |
| | Удели во домашни отворени инвестициони фондови | **34.000** | **34.047** | **0** | **47** | **0** | **0** | **0** |
| | РОИФ1212072012КДКЕДЕ6364578 ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТ АД СКОПЈЕ | 34.000 | 34.047 | 0 | 47 | 0 | 0 | 0 |
| | Други ненаведени домашни хартии од вредност | | | | | | | |
| | Трезорски записи издадени од странски влади | | | | | | | |
| | Благајнички записи издадени странски централни банки | | | | | | | |
| | Комерцијални записи издадени од странски компании и банки | | | | | | | |
| | Удели во странски отворени инвестициони фондови | **43.873** | **44.722** | **0** | **1.211** | **0** | **0** | **0** |
| | US4642863926 - ISHARES MSCI WORLD ETF | 19.344 | 19.706 | 0 | 362 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | US8085242019 - ISHARES SCHWAB US LARGE-CAP ETF | 15.588 | 16.187 | 0 | 600 | 0 | 0 | 0 |
| | US9229087443 - VANGUARD VALUE ETF | 28.285 | 28.535 | 0 | 250 | 0 | 0 | 0 |
| | Други ненаведени хартии од вредност издадени од странски влади и компании | | | | | | | |
| | **ВКУПНО НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ И ЗАГУБИ** | **403.293** | **612.194** | **-263** | **1.258** | **265** | **3.208** | **0** |

## 1 Обелоденување поврзано со ризикот од промена на каматните стапки

| | **Рочност на промената на каматните стапки на средствата и обврските во денари** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **од 1 до 3 месеци** | **од 3 до 12месеци** | **од 1-5 години** | **над 5 год** | **Некаматоносни** | **Фиксни каматни стапки** | **Вкупно** |
| Средства | | | | | | | |
| 1) Пари и депозити кај банки | 86.277 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 86.277 |
| 2) Финансиски инструменти кои се чуваат за тргување | 0 | 0 | 0 | 0 | 98.475 | 0 | 98.475 |
| 3) Финансиски инструменти расположливи за продавање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 533.425 | 533.425 |
| 4) Финансиски инструменти кои се чуваат до достасување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5) Останати средства на пензискиот фонд | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **6) Вкупни средства (1+2+3+4+5)** | **86.277** | **0** | **0** | **0** | **98.475** | **533.425** | **718.176** |
| Обврски | | | | | | | 0 |
| 7) Обврски по основ на заеми и кредити | | | | | | | 0 |
| 8) Останати обврски | 0 | 0 | 0 | 0 | 477 | 0 | 477 |
| **9) Вкупно обврски (7+8)** | **0** | **0** | **0** | **0** | **477** | **0** | **477** |
| **Каматно сензитивен јаз на средствата и обврските (6-9)** | **86.277** | **0** | **0** | **0** | **97.998** | **533.425** | **717.699** |

## 2 Обелоденување на ефективните каматни стапки за главните валути на средствата и обврските на пензискиот фонд

| | МКД | EUR | USD | CHF | UK Pound |
|---|---|---|---|---|---|
| Средства | % | % | % | % | % |
| Пари и депозити кај банки | 0,10 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Финансиски инструменти кои се чуваат за тргување | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Финансиски инструменти расположливи за продавање | 2,49 | 4,18 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Финансиски инструменти кои се чуваат до достасување | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Обврски | % | % | % | % | % |
| Обврски по основ на заеми и кредити | | | | | |

## 3 Обелоденувања поврзани со ликвидносниот ризик

| | Резидуална рочност на достасување на средствата и обврските | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **од 1 до 3 месеци** | **од 3 до 12 мес.** | **од 1 до 5 год.** | **над 5 год.** | **Вкупно** |
| Средства | | | | | |
| 1) Пари и депозити кај банки | 86.277 | 0 | 0 | 0 | 86.277 |
| 2) Финансиски инструменти кои се чуваат за тргување | 98.475 | 0 | 0 | 0 | 98.475 |
| 3) Финансиски инструменти расположливи за продавање | 533.425 | 0 | 0 | 0 | 533.425 |
| 4) финансиски инструменти кои се чуваат до достасување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5) Останати средства на пензискиот фонд | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***5) Вкупни средства (1+2+3+4+5)*** | **718.176** | **0** | **0** | **0** | **718.176** |
| Обврски | | | | | |
| 6) Обврски по основ на заеми и кредити | | | | | |
| 7) Останати обврски | 477 | 0 | 0 | 0 | 477 |
| ***8) Вкупно обврски (6+7)*** | **477** | **0** | **0** | **0** | **477** |
| **Нето ликвидносен јаз на средствата и обврските (5-8)** | **717.699** | **0** | **0** | **0** | **717.699** |
| **Кумулативен ликвидносен јаз на средствата и обврските** | **717.699** | **717.699** | **717.699** | **717.699** | |

## 4 Обелоденувања поврзани со ризикот на девизните курсеви

| | Валутна структура на средствата и обврските | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **МКД** | **EUR** | **USD** | **GBP** | **Други** | **Вкупно** |
| Средства | | | | | | |
| 1) Пари и депозити кај банки | 86.277 | 0 | 0 | 0 | 0 | 86.277 |
| 2) Финансиски инструменти кои се чуваат за тргување | 34.047 | 0 | 64.428 | 0 | 0 | 98.475 |
| 3) Финансиски инструменти расположливи за продавање | 200.475 | 332.950 | 0 | 0 | 0 | 533.425 |
| 4) Финансиски инструменти кои се чуваат до достасување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5) Останати средства на пензискиот фонд | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***6) Вкупни средства (1+2+3+4+5)*** | **320.799** | **332.950** | **64.428** | **0** | **0** | **718.176** |
| Обврски | 477 | 0 | 0 | 0 | 0 | 477 |

## 5 Обелоденувања поврзани со оштетувања на финансиските инструменти (кредитен ризик)

| | тековен период | претходен период | | | тековен период | претходен период |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 1) Пари и депозити кај банки | | | | 1) Состојба на финансиски инструменти кои се предмет на тестирање за оштетување почетокот на периодот | | |
| 2) Финансиски инструменти расположливи за продавање (2=2а+2б) | | | | 2) Вложувања во финансиски инструменти кои се предмет на тестирање за оштетување во текот на периодот | | |
| 2а) финансиски инструменти расположливи за продавање-должнички | | | | 3) Продажби на финансиски инструменти кои се предмет на тестирање за оштетување во текот на периодот (се презентира со негативен предзнак) | | |
| 2б) финансиски инструменти расположливи за продавање-сопственички (МСС 39 точка 103) | | | | 4) Реализирани добивки / (загуби) во текот на периодот | | |
| 3) финансиски инструменти кои се чуваат до достасување | | | | 5) Нереализирани добивки/ (загуби) во текот на периодот | | |
| 4) Вкупно финансиски инструменти тестирани за оштетување (4=1+2+3) | | | | 6) Намалување / (Зголемување) на исправката на вредноста во текот на периодот | | |
| 5) Исправка на вредноста (се презентира со негативен предзнак) | | | | 7) Состојба на финансиски инструменти кои се предмет на тестирање за оштетување крајот на периодот (7=1+2+3+4+5+6) | | |
| 6) Состојба на крајот на периодот(6=4+5) | | | | | | |